Трајан ГОЦЕВСКИ **УДК: 378.4.014.543(497.7)**

# ИНВЕСТИЦИИ ВО ЗНАЕЊЕ


***Кратка содржина***

*Со воведувањето на нов економски систем, се очекуваат сериозни промени и во сферата на економските односи во образованието. Оттука, сѐ поголема е потребата за истражување на економската страна на образовниот процес, гледано од сите негови аспекти.*

*Како клучно прашање, останува да се утврди: кои сѐ субјекти (државата, правните субјекти, студентите и сл.) и колку парични средства се инвестираат во знаењето, потоа да се утврдат изворите на тие средства, подносливиот износ на средства кои се потребни за нормално студирање, како и да се утврдат изворите на средства за формирање на студентскиот буџет.*


***Клучни зборови:*** *ИНДИВИДУАЛЕН КАПИТАЛ, ИНВЕСТИЦИИ ВО ЗНАЕЊЕ, ОБРАЗОВНИ УСЛУГИ, СТУДЕНТСКИ БУЏЕТ.*

## ВОВЕД

Во услови на слободен пазар, знаењето кое го поседуваат индивидуите, станува капитал од примарно значење. Затоа, основната парадигма во неговата пазарна валоризација и понатаму останува утврдувањето на неговата цена на чинење.

Во таа насока, трба да се проучуваат моделите на влогови, што ја прави професионалната кариера на индивидуата зависна од нејзините лични карактеристики во услови на конкуренција на пазарот на работна сила, како и моделите на понуда и побарувачка на образовните услуги во услови на пазарна економија. Притоа, појдовна основа треба да претставува квалитетот, времетраењето на стекнување на знаење и вложените средства за таа намена, и тоа како од страна на индивидуата, така и од страна на државата и другите субјекти.

Според тоа, се проучува времетраењето на стекнување на знаења, средствата кои се вложуваат од страна на корисниците на образовни услуги, наменитие на средствата кои се инвестираат во стекну-

вање на знаењата, изворите на средства и како до нив доаѓаат корисниците. Направена е анализа на средствата кои за таа намена ги издвојува државата, но и на ефектите на приватното самофинансирање. Посбно внимание обрнуваме на утврдување на реалните потреби на секој поединец кој се определил да ползува образовни услуги.

## А. Индивидуалниот капитал и образованието

Анализата на стекнување на индивидуален капитал во знаење и неговата цена на чинење, произлегува од потребата за утврдување на економските параметри во процесот на стекнувањето на човековиот капитал.

Македонската научна јавност, во последниве неколку години во одредени научно – специјализирани полиња (од општествените и хуманистичките науки), настојува да даде свој придонес во согледувањето и следењето на проблемот на финансирање на образованието, но сè уште не може да се зборува за една сеопфатна база на податоци и научно третирање на оваа проблематика, која би репродуцирала плодна платформа за надминување на некои состојби кои го оптоваруваат процесот на стекнување на индивидуален капитал во знаење.

Од тие причини истражувањата одат во насока на општо посочување на проблемите од оваа област, со интерпретација на емпириските резултати, без искористувањето на можноста за длабинска анализа и откривање на причинско-последичните врски меѓу појавите.

Со воведувањето на пазарната економија, се појави потребата за афирмација на знаењето како индивидуален капитал, кој се стекнува низ образовниот систем. Во таа смисла, застанавме на нивото на научно-емпириска елаборација на проблемот кој е предмет на истражување. Не ја исклучуваме можноста за понатамошно инкорпорирање на резултатите во лонгитудинални истражувачки проекти, кои би ги продлабочиле сознанијата за одредени поспецифични компоненти од финансирање на образованието и практична примена во креирање на програми за развој и утврдување на извори на средства за потребниот студентски буџет.

Појдовна основа за истражување на оваа значајна економска категорија е секако бројната состојба на корисниците на образовни услуги, кои во основа го креираат обемот и структурата на образовната побарувачка.

- **Уписна политика**

Условите и критериумите за запишување студенти се базираат на правната рамка утврдена со Законот и во согласност со Правилникот за условите и критериумите за запишување на додипломски студии, како основа на конкурсите за запишување студенти во прва година. Со него, всушност се врши усогласување и регулирање на основните услови и критериуми за запишување на студенти на Универзитетот, категориите студенти, преминувањето од една во друга категорија и слични прашања кои се во директна надлежност на Универзитетот.

За стабилна побарувачка на образовни услуги, решенијата на уписната политика треба да имаат подолгорочен карактер, да произлегуваат од резултатите на проектот за уписна политика и мислењето на идните студенти.

**Со Конкурсот за запишување студенти во прва година во учебната 2001/02 година**, на факултетите на УКИМ во Скопје, беше предвидено да се запишат **4356 редовни** студенти во рамките на квотата финансирана од државата, **362 вонредни** студенти, или вкупно **4718** студенти.

Во Конкурсот, исто така, беше предвидено запишување на **2856** студенти **со кофинансирање** на студирањето. Бројот на студентите во оваа категорија можеше да изнесува најмногу до бројот на студентите финансирани од државата, а тој беше утврден со посебни одлуки на органите на факултетите, во согласност со нивните материјални, просторни, техничко-технолошки, кадровски и други услови за изведување на наставно-образовниот процес. Надоместокот за студирање на оваа категорија студенти изнесуваше од 1000 до 1500 г.м., во зависност од видот на студиите. Износите на кофинансирање, според согледувањата на факултетите, со посебни одлуки беа намалувани и се движеа од 300 до 1.500 г.м.

**Со конкурсот за запишување студенти во прва година во учебната 2005/06 година,** на факултетите на УКИМ во Скопје, беше предвидено да се запишат **4668 редовни студенти во рамките на државната квота**, **3590 редовни студенти со кофинансирање, 631 вонредни** студенти, односно вкупно **8889** студенти. Надоместокот за редовните студенти финансирани од државата се движеше од 100 до 200 евра. Надоместокот за студирање во категоријата со кофинансирање изнесуваше од 250 до 1.000 евра, во зависност од видот на студиите.

Движењето на планираниот број *студенти во државната квота* во последниве пет години, може да се види од следнава табела:

**Табела бр. 1.**

| Учебна година | Планиран број студенти | | |
|---|---|---|---|
| | редовни | вонредни | вкупно |
| 2001/02 | 4.356 | 362 | 4.718 |
| 2002/03 | 5.440 | 519 | 5.959 |
| 2003/04 | 4.475 | 546 | 5.021 |
| 2004/05 | 4.579 | 548 | 5.127 |
| 2005/06 | 4.668 | 631 | 5.299 |

*Извор: Извештај на УИКМ*

По **завршување на реализациајта на Конкурсот**, на факултетите на УИКМ во Скопје, во сите категории, во прва година **во учебната 2001/02 година,** се запишани **вкупно 7.823 студенти, од кои 7.583 редовни** и **240 вонредни студенти.** Изразено по категории студенти, бројот на новозапишаните студенти е следниов:

- **4751** редовни студенти во рамките на *државната квота*
- **2366** редовни студенти *со кофинансирање* на студирањето
- **240** *вонредни* студенти
- **452** редовни студенти, *надвор од квотата по основа на националност* и
- **14** редовни студенти (од кои 6 во државна квота и 8 со кофинансирање на студирањето), *надвор од квотата со завршен дел од средно образование во странство.*

Додека по **завршување на реализациајта на Конкурсот**, на факултетите на УИКМ во Скопје, во сите категории, во прва година **во учебната 2005/06 година,** се запишани **вкупно 7.146 студенти, од кои 6.748 редовни** и **416 вонредни студенти,** или прикажани по категории, податоците се следни:

- **4210** редовни студенти во рамките на *државната квота*
- **2585** редовни студенти *со кофинансирање* на студирањето
- **416** *вонредни студенти* со кофинансирање

- **341** *надвор од квотата по основа на националност*
- **15** студенти *надвор од квотата со завршен дел од средно образование во странство* и
- **284** студенти *на дисперзивните студии.*

Следнава табела го покажува движењето на ***уписните квоти*** објавени во конкурсите, кои се однесуваат на категоријата ***студенти финансирани од државата***, и движењето на ***бројот на запишаните студенти во сите категории***:

**Табела бр. 2.**

| Учебна година | број на студенти | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | редовни | | вонредни | | вкупно | |
| | квота | запишани | квота | запишани | квота | запишани |
| 2001/02 | 4.356 | 7.583 | 362 | 240 | 4.718 | 7.823 |
| 2002/03 | 5.440 | 7.390 | 519 | 267 | 5.959 | 7.657 |
| 2003/04 | 4.475 | 6.443 | 546 | 285 | 5.021 | 6.728 |
| 2004/05 | 4579 | 6.516 | 548 | 302 | 5.021 | 6.818 |
| **2005/06** | **4.668** | **6.748** | **631** | **416** | **5.299** | **7.164** |

*Извор: Извештај на УКИМ*

Анализите на уписната политика покажуваат ***благо зголемување на вкупниот број* запишани студенти на УКИМ *во прва година*** во однос на претходните години и покрај зголемениот број на високообразовни институции кои ја зголемија понудата на образовни услуги во Р. Македонија. Забележана е тенденција на стабилизирање на состојбата, со постепено зголемување на запишаните кандидати секоја наредна учебна година.

Зголемувањето на бројот на граѓани кои сакаат да студираат и да се стекнат со индивидуален капитал-знаење, се должи на сознанијата за предностите што ги носи овој ресурс наречен човеков капитал, во услови на пазарна економија, но и на фактот што нема доволна понуда на работни места со средна стручна спрема, како и на се уште нецелосното покривање на трошоците за студирање од страна на студентите надвор од државната квота.

Во **2001 година**, најголем дел од студентската популација која била опфатена со истражувањето (2460 студенти) се во категоријата редовни студенти 94%, додека 6% имале статус на вонредни студенти. Тоа може да се види од следниов графикон:

**Графикон 1**




**Во 2006 година**, исто така, најголемиот дел од студентската популација кој беше опфатен со истражувањето (1000 студенти) се редовни студенти 94,4%, а вонредни 5,6%. Тоа може да се види од следниов графикон:

**Графикон 1.1**




Во **2001 година** најголем дел од испитаниците биле во државната квота 97%, а само 3% од студентите студирале со поднесување на дел од трошоците.

Додека во **2006 година**, во државната квота спаѓаат 43,5% студенти, додека со поднесување на трошоците се 56,5% од студентите.

**Во нашата земја, местото на живеење на студентите** во текот на студирањето секогаш претставувало голем финансиски товар за оние студенти кои што не студираат онаму каде што живеат. Добиените податоци од истражувањата кои се спроведени, покажуваат дека станува збор за круцијален проблем, поради тоа што повеќе од анкетираните студенти не живеат со своите родители.

Така, податоците од анкетата **во 2001 година** покажаа дека од вкупниот број испитаници само 49% живееле со родителите, во студентски дом исто така 49%, а како потстанари во приватен стан само 2%.

**Графикон 2**

**На прашањето каде живеете, студентите во 2001 година одговориле дека:**




Добиените податоци од истражувањето **во 2006 година** покажуваат дека 69,3% од вкупната популација живеат со родителите, 15,4% живеат во студентски дом и 15,3% од испитаниците живеат во приватен стан како потстанари:

**Графикон 2.1**

**На прашањето каде живеете, студентите во 2006 година одговориле дека:**




Од погоре прикажаното, можеме да заклучиме дека во 2006 година се зголемил бројот на студенти кои живеат со своите родители како и бројот на оние кои живеат во приватен стан како потстанари, за сметка на оние студенти кои живеат во студенстки дом, чиј % опаѓа.

## Б. Индивидуални трошоци / вложувања за стекнување на индивидуален капитал во знаење

Како рационално суштество, човекот постојано е изложен на потребата за донесување на одлука за употреба на средствата со кои располага, а кои по правило се ограничени. Затоа, тој е приморан да одлучи: во што ќе инвестира, колку ќе инвестира и зошто ќе инвестира, како и да одлучи да инвестира таму каде што очекуваната корист / добивка од вложените средства е најголема. Во натамошниот текст, ќе се обидеме да ги квантифицираме инвестициите во човеков капитал врзани со одлуките на поединците-студенти, согласно резултатите од спроведените анкети, како и на државата и родителите.

**Прашањето „Кој ви ги покрива трошоците за студирање?“, во 2001 година** им давало можност на испитаниците четири модалитети на одговори: родителите, примам стипендија, примам кредит и комбинирано од разни извори. Најголемиот дел од трошоците за студирање паѓал на терет на студентите односно на нивните родители 78.81%. Неприфатливи се податоците кои зборуваат дека само 2.54% од испитаниците примале степендија и 6.78% примале кредит, што говори за слабата подлога која ја пружа државата во финансирањето на идните носители на прогресот и оние кои во одреден период треба да го понесат севкупното живеење во државата. Само мал број од испитаниците 11.86% се изјасниле дека трошоците за студирање ги покриваат комбинирано од разни извори.

**Графикон 3**

**На прашањето: Кој ви ги покрива трошоците за студирање? – студентите во 2001 година одговориле дека:**




**Во 2006 година**, на ова прашање студентите имаа можност да одговорат на уште еден понуден одговор, односно покрај горespоме-

натите извори, како средство со кое студентот ги покрива своите трошоци, е наведена и работата која ја работи студентот паралелно со студиите.

Податоците од анкетата ни покажуваат дека најголемиот дел од трошоците за студирање на студентите се уште паѓа на терет на нивните родители 75,3%. Тоа покажува дека во семејствата во кои има студент, се влошува економската состојба, бидејќи самите мораат да го финансираат студирањето.

Стипендија примаат 6,4%, а кредит 6,3% од испитаниците. Мал број од испитаниците се изјасниле дека работат и трошоците за своето студирање ги обезбедуваат од својата плата 3,3%, а комбинирано од разни извори средства добиваат 8,7% од испитаниците.

**Графикон 3.1**

**На прашањето: Кој ви ги покрива трошоците за студирање? – студентите во 2006 година одговориле дека:**




Од погоре прикажаното, можеме да заклучиме дека во 2006 година се појавува процент на студенти кои се финансираат самостојно, од сопствена плата. Иако мал дел од студентската популација е работно ангажирана, сепак тоа е позитивен тренд кој за прв пат се појавува во Р. Македонија. Во светот, оваа форма на формирање студентски буџет, е многу развиена.

Меѓутоа, за жал, сеуште најголемиот дел од трошоците за студирање паѓаат на товар на родителите. Тоа говори за слабата подлога која ја пружа општеството во финансирањето на идните носители на прогресот и оние кои во одреден период треба да го понесат севкупното живеење во државата.

Истражувањето беше фокусирано и на прашањето **кој е износот на пари кои студентот ги има на располагање во текот на еден месец**. Тука, **во 2001 година** беше добиена следната струтура на одговори:

Имајќи сознанија за севкупните трошоци за нормално живеење, евидентно е дека студентскиот стандард бил на многу ниско ниво, бидејќи во просек родителите за нив издвојувале сума од 5.578,94 денари (43%). Оние студенти кои имале други извори од нив добивале просечно 4.220,45 денари (32%), а студентите кои добивале стипендии, таа просечно изнесувала 1.736,36 денари (13%), и од кредит просечно 1.596,87 денари (12%).

Посебно за одбележување е дека најголем број од студентите не примаат стипендии или кредити и немаат дополнителни извори, како што покажува и коментарот на претходното прашање. Заклучокот би бил дека студентскиот стандард е на ниско ниво.

**Графикон 4**

**По колку денари добивате месечно?**
**– студентите во 2001 година одговориле дека:**




На истото прашање, испитаниците **во 2006 година** дадоа слични одговори. Така, родителите во просек за нив издвојуваат сума од 4.484,78 денари (21,7%). Оние студенти кои работат добиваат просечна плата од 7.464,00 денари (36,2%). Од други извори тие добиваат просечно 2.353,67 денари (11,4%), додека од стипендии студентите добиваат просечно 3.906,49 денари (18,9%), и од кредит просечно 2.425,88 денари (11,8%), за разлика од 2001 година, кога студентите од стипендиите и кредитите добивале многу помали суми.

**Графикон 4.1**

**По колку денари добивате месечно?**
**– студентите во 2006 година одговориле дека:**




Можеме да заклучиме дека со истражувањето спроведено во 2006 година се појавува процент на студенти кои месечните трошоци ги покриваат самостојно т.е. од сопствената плата. Меѓутоа и покрај подобрувањето кое се јавува, студенстскиот стандард за жал, сеуште е на многу ниско ниво, што треба да не загрижува сите во државата.

**На прашањето колку средства ви се потребни месечно, за нормален студентски живот, дадени се доста интересни одговори.**

**Испитаниците во 2001 година** сметале дека за нормален студентски живот им се потребни 8.016,69 денари, што е многу повеќе во однос на податокот дека од родителите добивале просечно 5.578,94 денари. Податоците не би изгледале поразителни доколку не констатираме дека при давањето на ваков одговор, студентите ги предвиделе само најосновните трошоци за живеење, што може добро да се согледа од потребите кои ги имаат кога тоа им е категоризирано, каде се селектирани потребите за храна, стан, превоз, книги, хигиена, забава, облека и друго. Ако ја пресметаме вкупната сума, во тој случај за „нормален студентски живот“ им биле потребни 20.154,73 денари, што е за четири пати повеќе од она кое тие го имаат на располагање.

**Испитаниците од 2006 година**, сметаат дека за нормален студентски живот им се потребни 7.895,63 денари, што е исто така, многу повеќе во однос на сумата што ја добиваат од родителите 4.484,78 денари. Но, и овој пат студентите ги предвиделе само најосновните трошоци за живеење, а не ги предвиделе и останатите трошоци (храна, стан, превоз, книги, облека, забава и друго). Ако ја пресметаме вкуп-

ната сума, ќе утврдиме дека за „нормален студентски живот" им се потребни 15.351,08 денари.

**На прашањето дали средствата кои ги имате на располагање ви се: доволни, недоволни и неподнесливо малку ја имаме следната структура на одговори:**

Во **2001 година** средствата за живеење не им биле доволни на 1480 студенти или 62.71% од испитаниците, додека 320 од нив или 13.55% се изјасниле дека се неподносливо малку. Мал е процентот на оние кои сметале дека средствата кои ги имаат на располагање им се доволни 23.72% т.е. само 560 испитаници.

**Графикон 5**

**Дали средствата кои ги имате на располагање Ви се: (истражување 2001 година)**




Во **2006 година,** средствата за живеење не им се доволни на 54,9%, а на 9,7% им се неподносливо малку. Процентот и на оние испитаници кои се изјасниле дека им се доволни е 35,4%.

**Графикон 5.1**

**Дали средствата кои ги имате на располагање Ви се: (истражување 2006 година)**



Овие податоци уште еднаш ја потврдуваат тезата за се уште нискиот животен стандард на студентите и потребата истиот да сè подобри, доколку сакаме да имаме и поголеми ефекти во студирањето, иако категоријата на задоволни студенти во 2006 година е зголемена, што е позитивно.

**Следното прашање се однесува на тоа колку и за што се трошат средствата со кои располагаат студентите.** Од анализата по ова прашање, е добиена следнава структура на одговори:

**Во 2001 година, најголемиот дел од средствата со кои располагале студентите, ги трошеле за:**

- за храна 1.912,00 денари
- за облека 1.897,05 денари
- за стан 1.483,53 денари
- за забава 1.241,25 денари
- за друго 1.022,39 денари
- за книги 910,96 денари
- за превоз 410,60 денари или вкупно 8.877,78 денари.

Податоците укажуваат на примарното задоволување на основните човекови потреби: храна, облека и сместување, за кои се трошат најголем дел од средствата кои им стојат на располагање на студентите.

**Додека во 2006 година, најголемиот дел од средствата со кои располагале студентите, ги трошеле за:**

- за стан 3.135,93 денари
- за облека 1.907,05 денари
- за храна 1.812,99 денари
- за забава 1.482,05 денари
- за книги 1.402,57 денари
- за превоз 1.240,83 денари
- за друго 1.211,08 денари или вкупно 12.192,50 денари.

Може да утврдиме дека, за разлика од пред 5 години, сега студентите издвојуваат многу повеќе средства за стан, превоз и книги, додека за останатите потреби издвојуваат приближно исто средства.

Податоците повторно укажуваат на задоволување на основните човекови потреби: храна облека и сместување, со мала разлика во приоритетите. Ако во 2001 година храната била на прво а сместувањето на трето место, сега состојбата е малку променета. Приоритет се дава на сместувањето и трошоците за истото се двапати повеќе зголемени во однос на 2001 година.

Во однос на тоа, **колку средства им се потребни за нормално студирање**, испитаниците во **2001 година**, ги дале следниве одговори:

- за храна 2.207,89 денари
- за стан 4.991,11 денари
- за превоз 992,70 денари
- за книги 640,21 денари
- за хигиена 869,90 денари
- за забава 3.320,63 денари
- за облека 5.792,58 денари
- за друго 1.339,71 денари или вкупно 20.154,73 денари.

**Графикон 6**

Според Вас, за нормално студирање, колку средства Ви се потребни месечно?
(истражување 2001 година)



Од истражувањето во **2006 година**, во однос на тоа, **колку средства им се потребни на студентите за нормално студирање**, ги добивме следниве резултати:

- за храна 2.224,78 денари
- за стан 3.400,91 денари
- за превоз 1.384,94 денари
- за книги 1.753,98 денари
- за забава 2.148,09 денари
- за облека 2.809,54 денари
- за друго 1.628,84 денари или вкупно 15.351,08 денари.

**Графикон 6.1.**




Ваквите податоци се резултат на потребата на младите луѓе да се самоактуелизираат. Тие се спремни да нѝ ги задоволуваат целосно ниту биолошките потреби, само да ги задоволат своите лични мотиви за студирање. Доколку би имале можност за поголем буџет, во тој случај би имале позадоволни и поуспешни студенти.

**Во 2001 година**, 51% од студентите сметале дека тогашниот **модел на финансирање на студирањето** не бил добар, а дека не бил правичен 37%. Многу е мал процентот на оние кои сметале дека тогашниот модел на финансирање на студирањето бил добар 9%. Уште

помал е процентот на оние испитаници кои сметале дека тогашниот модел на финансирање бил правичен, само 3%.

**Графикон 7**

**Дали сметате дека сегашниот модел на финансирање на студирањето е: (истражување 2001 година)**




Во **2006 година**, 12,9% од студентите сметаат дека сегашниот модел на финансирање на студирањето е добар, а 2,7% правичен. Додека, 55,8% од испитаниците сметаат дека не е добар, 28,6% сметаат дека моделот на финансирање не е правичен. (Види графикони 7 и 7.1).

**Графикон 7.1.**

**Дали сметате дека сегашниот модел на финансирање на студирањето е: (истражување 2006 година)**




**Кога станува збор за моделот на финансирање, Најголем дел од студентите во 2001 година** се изјасниле на следниов начин:

- државата да ги покрива сите трошоци 64.6%
- комбинирано, државата и студентите 24.7%
- сите студенти да учествуваат во партиципацијата со што таа би се намалила 6.6%
- покривање на трошоците за студирање од страна на студентите (самофинансирање) 4.1%

**На истото прашање, студентите во 2006 година, ги дале следниве одговори:**

- државата да ги покрива сите трошоци 52.0%
- комбинирано, државата и студентите 38.1%
- сите студенти да учествуваат во партиципацијата со што таа би се намалила 9.3%
- покривање на трошоците за студирање од страна на студентите (самофинансирање) 0.6%

Најзначајните промени во финансирањето на човековиот капитал, последниве неколку години во земјите на Европската унија претставуваат воведувањето на школарината и замената на грантовите со системот на заеми.

Во Велика Британија студентите запишани на студии пред 1998 година, имале можност да користат грантови и не биле обврзани да придонесуваат на било каков начин за школарината. Со воведувањето на Образовниот Акт во 1998, грантот кој што бил дизајниран за да обезбеди низа поволности на носителот, заменет е со заем со што одговорноста се става кај студентите. Начинот на кој што се изведува целата операција е преку претходно тестираните средства за оценување за да се плаќа школарина.

## В. Учество на државата во финансирање на знаењето

Во однос на вкупниот износ на средствата кои се издвојуваат за потребите за високото образование по основ на плати, стоки, трансфери, капитални трошоци, капит. трансформација од буџетот на Р. Македонија за 2001 и 2002 година, споредено со 2005 и 2006 година може да се забележи перманентно намалување што се потврдува и од следните податоци:

| Буџети: | основно образов. | средно образов. | високо образов. |
|---|---|---|---|
| 2001 год. | 4.277.310 | 1.586.086 | 1.209.429 |
| 2002 год. | 4.899.699 | 1.935.674 | 1.129.786 |
| 2005 год. | 5.328.166 | 2.805.256 | 2.884.073 |
| 2006 год. | 5.230.500 | 2.333.175 | 3.242.466 |

*Извор: Министерство за образование и наука*

**Финансирањето на основното образование**, кое трае девет години и кое има карактер на **задолжително образование,** го врши **државата,** преку републичкиот буџет. Одобрените средства за дејноста на основното образование се префрлаат на посебна потсметка во Министерството за образование и наука, како надлежен ресорен орган на Владата, задолжен за образованието.

Интересно е да се напомене дека Законот за основно образование допушта можност средства за дејноста на основното образование да можат да се обезбедуваат и од други извори, како што се: легати, подароци, завештанија и сл. но тие мора да се користат исклучиво за намените за кои се обезбедени. Меѓутоа, бидејќи основното образование е задолжително за сите и е утврдено како јавен интерес на државата, речиси целосно се финансира од буџетот на земјата.

Министерството за образование е должно да изготви повеќе документи според кои ќе се врши финансирањето на дејноста на основното образование. Такви документи, покрај останатите се: Програмата за остварување на дејноста, Годишниот финансиски план, Годишната пресметка за трошоците кои настануваат во воспитно-образовните институции и Критериумите според кои ќе се врши распределба на одобрените средства за основното образование од буџетот на државата.

Во Република Македонија, за дејноста на основното образование во 2002 година се обезбедени средства во износ од 4.899.699 денари, додека во 2006 година се обезбедени средства во износ од 5.230.500 денари. Во продолжение, следат табели кои покажуваат колку вкупно средства се издвоени за овој вид образование, во претходните четири години, бројот на ученици, бројот на паралелки, како и колку средства се издвоени по ученик, завршен ученик и паралелка.

| Година | Вкупно обезбедени средства | Вкупен број на ученици | Вкупно завршени ученици | Број на паралелки | Број на ученици во паралелка | Број на наставници на 100 ученика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **2002/03** | 5.603.744 | 235,516 | 30,,095 | 10,062 | 23 | 6 |
| **2003/04** | 5.688.654 | 229,564 | 29,039 | 9,974 | 23 | 6 |
| **2004/05** | 5.258.166 | 223,876 | 28,816 | 9,920 | 23 | 6 |
| **2005/06** | 5.017.410 | 218,935<br>235,691<br>со о-та група | / | 10,108<br>11,046<br>со о-та група | 21 | 6 |

| Година | Обезбедени средства по еден ученик | Обезбедени средства по завршен ученик | Вкупно средства по една паралелка |
|---|---|---|---|
| **2002/03** | 30.894 | 121.146 | 946,127 |
| **2003/04** | 30.282 | 120.242 | 906.263 |
| **2004/05** | 28.762 | 111.668 | 863.164 |
| **2005/06** | 23.334 | / | 703.260 |

*Извор: Министерство за образование и наука*

**Финансирањето на средното образование** се врши на различни начини, во зависност од видот на училиштата (јавни, кои ги основа Владата, приватни или на локалната самоуправа). Така, средствата за јавните средни училишта ги обезбедува државата преку својот буџет, средствата на останатите (приватни средни училишта) ги обезбедува основачот на тие училишта, а доколку единиците на локалната самоуправа се јават како основачи на средно училиште, тие се должни да обезбедат и средства за неговата дејност.

Средствата за остварување на јавното средно образование ги обезбедува државата, преку својот буџет. Определените средства за оваа намена се ставаат на располагање на Министерството за образование и наука кое ги води на посебна потсметка за дејноста на средното образование.

Со Законот за средно образование е дадена можност училиштата од јавното средно образование да можат да остваруваат и други приходи, и тоа од: партиципација на корисниците на услугите, продажба на производи и услуги кои се резултат на вршењето на дејноста; камати, дивиденди; легати, подароци и други извори. Средствата добиени по основ на овие извори можат да се употребат за унапредување, осовременување и развој на дејноста на јавните средни училишта.

За средното образование на Република Македонија, за 2002 година се обезбедени средства во износ од 1.935.674 денари, додека за 2006 година, биле обезбедени средства во износ од 2.333.175 денари.

„Сметката“ за стекнување на индивидуален капитал во знаење на овој степен на образование е следна:

| Година | Вкупно обезбедени средства | Вкупен број на ученици | Вкупно завршени ученици | Број на паралелки | Број на ученици во паралелка | Број на наствници на 100 ученика |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *2002/03* | 2.889.472 | 93,526 | 23,851 | 3054 | 31 | 6 |
| *2003/04* | 2.840.230 | 93,791 | 23,621 | 3082 | 30 | 6 |
| *2004/05* | 2.705.156 | 94,053 | 24,225 | 3134 | 30 | 6 |
| *2005/06* | 2.237.070 | 95,869 | / | 3181 | 30 | 6 |

*Извор: Министерство за образование и наука*

**Финансирањето на високото образование** кое досега има карактер на јавно образование, во најголем дел, се врши преку буџетот на државата. Обезбедените средства се префрлаат на посебна потсметка за дејноста на високото образование и се ставаат на располагање на Министерството за образование и наука. Меѓутоа, со донесувањето на новиот Закон за високо образование и неговите измени во 2004 год., допуштена е можноста за основање високообразовни установи од страна на домашни и странски приватни лица, со што е отворена можноста и за финансирање на тие установи од страна на нивните основачи.

На територијата на Р. Македонија, постојат и функционираат три државни универзитети и тоа: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски”– Битола и Државниот универзитет во Тетово. Во согласност со новите решенија веќе функционираат: Југоисточно-европски универзитет-Тетово, Европски универзитет-Скопје, ФОН – Скопје и други како приватни установи. Со тоа, се создадоа услови за конкуренција, но и за подобар квалитет во високото образование во државата.

Според новото решение, јавните потреби и интереси во доменот на високото образование се утврдуваат со програма која ја донесува Владата на Р. Македонија. По правило, програмата за дејноста на високото образование треба да ги содржи следните елементи:

- целите на развој на високообразовната дејност, правците на развој во кои спаѓа мрежата на високообразовните институции;

- потребните профили на кадри;
- бројот на наставниците и на соработниците, просторот и опремата;
- стандардите за вршење на високообразовната дејност и
- обемот на средства потребни за остварување на високообразовната дејност.

Според тоа, усвојувајќи ја програмата за дејност на јавното високо образование, всушност, Владата на Република Македонија ќе го определи и обемот на средства наменети за таа дејност.

Новина во Законот за високо образование е Советот за финансирање на високообразовната дејност, преку кој се финансира дејноста на високото образование.

Советот за финансирање на високото образование, покрај средствата од републичкиот буџет, ќе може да прибира средства и од други извори, како што се: вршењето на образовни услуги на правни и на физички домашни и странски лица, продавањето научни и стручни услуги и производи на правни и физички домашни и странски лица, камати и дивиденди, легати, подароци, завештанија, фондации, партиципации и сл.

За потребите на дејноста на високото образование во Република Македонија во последните години присутна е тенденција на постојано намалување на буџетските средства за финансирање на високото образование, поради постојано проширување на мрежата на високообразовни институции кои се финансирани од буџетот. Колкав е износот на средства што го издвојуваат индивидуите и државата за стекнување на индивидуален капитал во знаење во високото образование, може да се илустрира со следните показатели:

| Година | Вкупно обезбедени средства | Вкупен број на студенти | Број на дипломирани студенти | Издвоени средства по студент | Издвоени средства по дипл. студент |
|---|---|---|---|---|---|
| **2002/03** | 2,287,580 | 45,673 | 4404 | 50,086 | 519,432 |
| **2003/04** | 2,413,985 | 46,697 | 5010 | 51,695 | 481,833 |
| **2004/05** | 3,004,846 | 49,364 | 5397 | 60,871 | 556,762 |
| **2005/06** | 2,756,486 | 48,368 | / | 56,990 | / |

Извор: Министерство за образование и наука

Во земјите членки на ЕУ 37,1%од БДП по глава се троши по студент во високото образование, 43,9% во Јапонија и 57,8% во САД. Доколку трошоците на високото образовно ниво се разделат по

функција, тие во просек изнесуваат 5,849.5 EUR PPS за основни образовни услуги (73,6% од вкупните трошоци), 1,936.6 за активности за истражување и развој (24,7%) и 132.9 за помошни услуги (1.7%).

Доколку се применат овие стандарди, Р. Македонија треба да издвојува над 1200 ЕУР по студент, наместо сегашните 900 ЕУР.

### Г. Опортуитетни трошоци

При стекнување на индивидуален капитал во знаење, опортунитетните трошоци кои по природа се индиректни, играат многу значајна улога. Овие трошоци ја искажуваат вредноста на пропуштената алтернатива, а тоа е дали индивидуите да се вработат со знаењето стекнато во средното образование и да заработуваат помала сума на пари, или да го одложат тоа и да продолжат со стекнување на знаења на Универзитетот. Притоа, тие мора да вложуваат средства за зголемување на индивидуалниот капитал во знаење, со очекување дека потоа ќе заработуваат повеќе и ќе ги валоризираат повеќекратно вложените пари и време додека студирале.

### Заклучок

Заклучните согледувања во овој истражувачки труд одат во неколку насоки:

- Првата активност треба да биде насочена кон анализа и вреднување на сите фактори кои придонесуваат за стекнување на индивидуален капитал во знаење и да се утврдат начини за нивно финансирање. Постои многу мала емпирија која овозможува евалуација на ефектите на државното финансирање на образованието.
- Следната задача на државното финансирање е да обезбеди еднакви услови за образование на сите граѓани. Степенот на субвенционирање кој што се нуди на студентите преку стипендии, кредити, сместување, храна и сл. треба да биде во функција на постигнување на посакуваниот баланс помеѓу ефикасноста и еднаквоста на граѓаните за стекнување на индивидуален капитал во знаење.

- Пазарот на трудот нема да се повикува на правото на образование на граѓаните, туку ќе преферира квалитет, ефикасност и употребливост на знаењето. Затоа државата мора да се јавува како главен арбитер помеѓу пазарот на трудот и создавање амбиент за стекнување на квалитетно знаење кое ќе се нуди на пазарот.
- Трансмисијата на сигналите од пазарот на трудот преку образовниот систем и идните консументи на образовните услуги, треба да се истражува постојано.

(Рецензент: *проф. д-р Зоран Велковски*)

Trajan GOCEVSKI

# INVESTMENT IN KNOWLEDGE

## Summary

*During introduction of a new economic system, serious changes are expected in the economic sphere of education. Therefore, there will be a great need for research of economic aspect in the overall education process. It is expected to be established who and how much is investing in knowledge: the state, the legal entities, the students; to establish the resources for investment in knowledge, acceptable amount of resources for normal studying and the sources for creation of the student budget.*

***Keywords:*** *INDIVIDUAL CAPITAL, INVESTMENT IN KNOWLEDGE, EDUCATIONAL SERVICES, STUDENTS BUDGET.*